Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 21.08.2022

На 20.08.2022 на Граничен премин “Долно Блаце“, по претходно распишан централен распис од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје, бил лишен од слобода Б.М.(25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “предизвикување општа опасност“ по чл.288 од КЗ на РСМ. Имено, по преземени соодветни мерки и активности, полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје утврдиле дека Б.М. на 12.05.2022 во с. Глумово запалил патничко моторно возило „бмв“, сопственост на С.С.. ЕНК при СВР Скопје во координација со Јавен обвинител поднесе кривична пријава по чл.288 од КЗ на РСМ по брза постапка, а пријавениот бил изведен пред Судија на предходна постапка и одредена му била мерка куќен притвор во траење од 30 дена.

На 19.08.2022 во 22.25 часот во с.Марино-скопско, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.П.(53) од Скопје. Тој бил баран со централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од четири години за сторени кривични дела по чл.247 и чл.378 од КЗ на РСМ. Тој бил спроведен во КПУ Идризово за издржување на казната.

На 19.08.2022 во 17.00 часот од полициски службеници на СВР Скопје на подрачјето на Аеродром бил лишен од слобода В.Х.(24) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “насилство“ по чл.386 од КЗ на РСМ, извршено на 17.08.2022 околу 00.40 часот врз Б.Б.(25) од Скопје пред угостителски објект во трговски центар на подрачјето на Аеродром. Во координација со Јавен обвинител и по комплетирање на доказниот материјал поднесена е кривична пријава по брза постапка, а пријавениот бил изведен пред Судија на претходна постапка и одредена му била мерка притвор во траење од осум дена.

На 21.08.2022 во 01.50 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Б.(30) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (20.08.2022) во периодот од 17.00 до 00.00 часот спроведена е засилена акциска контрола во делот на сообраќајот на територија на населба Чento во Скопје. При контролата санкционирани се 63 возачи, од кои 21 за возење без возачка дозвола, девет за користење мобилен телефон...

На 20.08.2022 во 13.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Битола на влезот за с.Куратица се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило “туран“ со охридски регистарски ознаки, управувано од А.К.(67) од Охрид, и мотоцикл “кавасаки“ со битолски регистарски ознаки, управуван од К.О.(31) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобила С.Д.(22) од Битола констатирани во болницата “Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 20.08.2022 во 22.50 часот во Полициската станица Гази Баба А.Н.(26) од Скопје пријавила дека на ул.“Ташко Караџа“ била касната од куче скитник.

На 20.08.2022 во 20.35 часот во Полициската станица Центар А.Т.(27) од Скопје пријавила дека на ул.“Илинден“ била касната од куче скитник.

На 20.08.2022 околу 21.40 часот на ул. Бојмија во Скопје полициски службеници од Одделението за безбедност на патниот сообраќај при СВР Скопје одзедоа шест возила, поради учество во т.н. диви трки.Возилата ќе бидат однесени во Станица за технички преглед каде ќе им биде извршен вонреден технички преглед и против сопствениците ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Министерството за внатрешни работи и во наредниот период продолжува со мерките и активностите со цел да се обезбеди побезбеден сообраќај.

Во текот на изминатата вечер (20/21.08.2022) во периодот од 23.00 до 05.00 часот на територијата на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол при што санкционирани се 27 возачи.

Во текот на изминатата вечер (20/21.08.2022) во периодот од 23.00 до 05.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол при што санкционирани се 21 возачи.

Во текот на изминатата вечер (20/21.08.2022) во периодот од 23.00 до 05.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 127 возачи. Од нив 27 на територија на СВР Штип, 21 на територија на СВР Битола...

На 20.08.2022 во 11.30 часот било пријавено дека во с.Тимјаник-неготинско И.Ѓ.(61) од Демир Капија, вработен во фирма од Неготино, при изведување на работни задачи, се здобил со повреди по што од екипа на Итна медицинска помош од Неготино бил пренесен во Општата болница во Кавадарци каде од страна на лекар констатирана била смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Неготино, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

Во текот на вчерашниот ден (20.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 309 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 199 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 110 надвор од населено место.

На 20.08.2022 во 15.00 часот било пријавено дека во непосредна близина на локалниот пат Ливада-Делогожда-струшко, во штала сопственост на Џ.Ш.(59) од с.Делогожда од удар на гром настанал пожар, при што истата била целосно опожарена. Во внатрешноста на шталата имало 250 бали јонџа, потоа јачмен, пченица, жито и една приколка со трактор. Повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од екипа од Територијалната противпожарна единица-Струга. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 20.08.2022 во 11.20 часот во ОВР Дебар пријавено е дека Б.Б.(70) од Дебар, поради невнимателно ракување со плинска боца, предизвикала пожар на балконот од станот лоциран на улицата „8 септември“ во Дебар а потоа, боцата ја исфрлила на паркинг простор пред зградата. Притоа, биле опожарени патничките моторни возила „опел корса“ и „мерцедес“. Интервенирала Територијалната противпожарна единица од Дебар а увид на местото извршила полициски екипи.

На 20/21.08.2022 од 23.00 до 05.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршена е акциска сообраќајна контрола. Притоа, полициските службеници санкционирале 12 возачи на моторни возила, кои управувале под дејство на алкохол (Охрид-01, Струга-04, Кичево-07). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се платни налози.

На 20.08.2022 во 23.50 часот во Полициското одделение Петровец, З.К.(57) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко Ѓ.К.(85). Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.08.2022 во 12.15 часот С.С.(74) од Куманово пријавил дека околу 01.00 часот во Куманово во дворот од неговиот дом бил физички нападнат со тврд предмет од негов малолетен сосед. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.08.2022 во 06.05 часот А.Џ.(35) од с.Моноспитово пријавил дека околу 02.30 часот пред угостителски објект во Струмица бил физички нападнат од едно лице кое, според пријавеното , најверојатно бил еден од вработените. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.08.2022 во 10.30 часот Б.М.(65) од с.Стајковци-скопско пријавил дека во неговиот двор пронашол две зрна од огнено оружје. Повредени лица и оштетување нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.08.2022 во 22.30 часот С.Ѓ.(50) од с.Камен Дол-Росоман пријавила дека околу 20.50 часот во с.Камен Дол по претходна расправија била физички нападната од Б.Ѓ. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.08.2022 на ул.“Радојца Новичиќ“ во Охрид, полициски службеници, од М.Ј.(18) од Охрид, одзедоа едно возило „застава“ со охридски регистарски ознаки со пет кубни метри огревно буково дрво. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава во согласност со членот 235 од Кривичниот законик и членот 69 од Законот за шуми.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет